РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09 – 591/1
09.07.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Општина Валандово, врз основа на член член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020) и чл.43-б од Статутот на Општина Валандово распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Со овој Јавен повик, СЕ ПОВИКУВААТ сите младински организации, политички подмладоци, ученичките и студентските организации и другите облици на младинско здружување кои реализират активности на подрачјето на Општина Валандово, да номинират свој претставник во Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Валандово.

Бројот на членовите на Иницијативниот одбор е најмногу 5 (пет).

Улогата на Иницијативниот одбор е да ја спроведе постапката за конституирање на Локалното собрание на млади, со што неговата функција престанува.

Задачи на Иницијативниот одбор се:

- Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС,
- Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,
- Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

Задолжителни документи кои се доставуваат:

- Портфолио на организацијата/групата/здружението,
- Извештај за активности со млади во изминатата година,
- Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и општи и контакт информации за членот.

Дополнителни (опционални) документи се:

- Годишна програма за работа,
- Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

Начин на пријавување:

Сите заинтересирани организации/групи/здруженија документите можат да ги достават скенирани на е-маил или во печатена форма во просториите на Општина Валандово со назнака „За формирање иницијативен одбор за конституирање на ЛСМ“.

Е-маил: administracija@valandovo.gov.mk
Адреса: Општина Валандово, ул. Иво Лола Рибар бр.3, Валандово

Рок за пријавување:

7 (седум) работни денови, а најдоцна до 19.07.2021 (до 16:00 часот во просториите на Општината или електронски до крајот на денот).

Лице за контакт и повеќе информации:

Службеник за млади во Општина Валандово - Владимир Лазов, 071/239-849, vlatko.lazov@live.com.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов